# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**Наслов:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

По барање на Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата спроведе процедура за Антикорупциска проверка на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Област**: Безбедност во сообраќајот

**Надлежното министерство:** Министерство за внатрешни работи

## Генерална оценка

**1. Осврт:**

Областа која ја уредува Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата безбедноста и заштитата на патиштата, ги опфаќа основните начела и меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, системот на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, кандидати за возачи, возачи, автошколи, испитни центари и возачки дозволи, оспособувањето за управување и стекнување право на управување со моторно возило и прекршочната постапка за деца, посебните мерки на безбедност, организацијата и задачите на советите за безбедност на сообраќајот на патиштата, евиденциите и заштитата на податоците, прекршочните одредби и овластувањата за подзаконски прописи.

Потребата за измена на постоечкиот Закон се јавува поради недостатоците во синхронизацијата на овој закон со останатите закони со кои е поврзан (наведени во точка 3 од овој Извештај) и во сверата на техничката форма на

законот, во насока на подобрување на конкретните законски решенија, со цел нивна доследна примена.

**2. Употреба на законот:**

Одредбите од овој закон се применуваат за кандидати за возачи, возачи, автошколи, испитни центари и возачки дозволи, советите за безбедност на сообраќајот на патиштата како и други релевантни институции.

**3. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**

- Законот за возила;
- Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Законот за трговските друштва;
- Законот за прекршоците;
- Законот за градење;

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи барање на Министерството за внатрешни работи за антикорупциска проверка на легислативата, го разгледа Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и го донесе следниот:

## Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, заклучи дека не постојат ризици од корупција.

Се работи за текст кој е добро синхронизиран со националната легислатива од областите со кои директно е поврзан.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно целокупна анализа и оценка на формата и содржината на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на

Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, утврди дека текстот на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е целосен, доследен и прецизиран во нормативно-правна и техничка форма.

## Образложение

Со предложените изменувања и дополнувања на материјалниот закон не се предвидува воспоставување на нови органи, односно нова институција, ниту пак се проширувaат надлежностите и организацијата на Министерството за внатрешни работи.

За имплементација на наведениот закон, не се потребни нови човечки ресурси и нивна обука, ниту пак дополнителни инвестиции во канцелариски простор, опрема и слично.

Со предложените законски решенија не се предлага воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци, односно не се предвидени нови трошоци за издавање на лиценци, дозволи и друго за правните и физичките лица, со што не се влијае врз конкурентноста.